Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период октомври-декември 2024 година

Скопје, јануари 2025 година

# 86

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

# 14

случаи на утврдена дискриминација во периодот од октомври до декември 2024 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во четвртиот квартал на 2024 година, оформени се 86 нови предмети за заштита од дискриминација, од кои 75 се поднесни од физички лица и 11 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2023 година, бројот на нови предмети е намален за 2,27%.




Од подносителите физички лица 3 не доставиле податок за припадноста по пол. Од оние кои доставиле, 44 (61,11%) биле мажи и 28 (38,89%) биле жени.




Во однос на националната припадност, 23 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 42 биле Македонци, 3 Албанци, 2 Власи, 1 Ром и 1 Турчин. До КСЗД се доставени и 3 претставки од граѓани кои се изјасниле дека имаат друга етничка припадност.




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години и 21-30 години.

Податок за возраст не доставиле 22 подносители на претставки.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




41 претставка поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- 17 од Охрид
- 5 од Битола
- по 2 претставки од Велес, Неготино, Пехчево и Тетово
- по 1 претставка од Брвеница, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Демир Хисар, Кочани, Македонски брод, Петровец, Прилеп, Струмица и Штип

Три претставки се поднесени од граѓанска организација со седиште во Белгија.
За една претставка подносителот не доставил адресен податок.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ НА 2024




Во четвртото тримесечје на 2024 година, КСЗД донесе вкупно 86 одлуки по предмети за заштита од дискриминација, од кои 36 мислења и 50 заклучоци за отфрлање на претставката, односно за неповедување или запирање на постапката.

Од донесените мислења, во 14 случаи КСЗД утврди дискриминација, а во 22 не се утврди дискриминација.

Заклучно со 31 декември 2024 година, бројот на тековни постапки изнесува 114.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчестиот облик на дискриминација утвтврден во четвртиот квартал на 2024 година. Утврдени се и два случаи на интерсекциска дискриминација врз жени во областа на работните односи, потоа еден случај на сегрегација во основното образование и еден случај на вознемирување врз ученик во основно училиште.

## Основи на утврдена дискриминација




Во 14-те случаи на дискриминација, КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост сторена врз 10 различни основи кои се наведени во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Најчесто утврдена е етничката припадност, а потоа следат род, боја на кожа, пол, јазик, политичко уверување и лично својство и општествен статус. Во по еден случај утврдена е дискриминација и врз основите социјално потекло, попреченост и имотен статус. Утврдени се и два случаи на дискриминација врз друга основа и тоа: мајчинство и планирана бременост.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во 4-от квартал на 2024 година, биле утврдени во областите работа и работни односи и образование. Потоа следат областите на правосудство и управа, пристап до добра и услуги, социјална заштита, домување и членување и дејствување во синдикални организации.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РАБОТНИЧКА ПОРАДИ ИН ВИТРО ОПЛОДУВАЊЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за првпат утврди родово заснована дискриминација врз работничка поради подложување на ин витро оплодување.

Работничката, која две години работела кај правно лице од приватниот сектор, го информирала работодавачот дека планира да забремени со помош на ин витро процедура, а работодавачот, без почитување на законските процедури ѝ изрекол отказ без отказен рок и веднаш ја одјавил од социјалното осигурување.

Како резултат на овие постапки на работодавачот, работничката не можела да ја заврши ин витро процедурата на товар на Фондот за здравствено осигурување, претрпувајќи здравствени и финансиски реперкусии. Комисијата утврди дека отказот е директно поврзан со планираната бременост на работничката и препорача работодавачот да ѝ го надомести износот за ин витро процедурата, која таа била приморана да ја покрие од приватни средства.

## ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И БОЈА НА КОЖА

Постапувајќи по претставка поднесена од Европскиот центар за правата на Ромите, Комисијата утврди директна дискриминација од страна на ЈСП – Скопје кон жителите на општина Шуто Оризари.

Имено, жителите на оваа општина со години се соочуваат со ограничен пристап до градскиот јавен превоз на линиите бр. 19 и 20, кои сообраќаат на релација Шуто Оризари-Карпош 4 и Шуто Оризари-Транспортен центар.

Со оглед на тоа што пристапот до јавен превоз е важна алатка за социјална и економска инклузија, а неговото отсуство ја зајакнува маргинализацијата на Ромите, Комисијата препорача, во рок од три месеци, ЈСП да обезбеди редовен и соодветен јавен превоз за жителите на Шуто Оризари и да ги прекине дискриминаторските практики утврдени во мислењето. Во спротивно, КСЗД, според законот, ќе поднесе барање за прекршочна постапка до надлежен суд за прекршоци.

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk